СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ВЕЛЕС

Службен гласник на Општина Велес

Излегува по потреба

Број 10 година LIV

22 јуни 2018 година

Бр. 181

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр. 12/06, 03/09, 18/10 и 15/14)

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлуката за прогласување Ден на жалост во Општина Велес

Се објавува Одлуката за прогласување Ден на жалост во Општина Велес, што Советот на Општина Велес ја донесе на првата вонредна седница одржана на 21.06.2018 година.

Број 08-3245/1
22.06.2018 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.05/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09, 18/10 и 15/14),

Советот на Општина Велес навонредна седницаодржана на ден 21.06.2018 година, донесе

О Д Л У К А
за прогласување Ден на жалост во Општина Велес

Член 1

Петок 22.06.2018 година, се прогласува за Ден на жалост во Општина Велес, по повод трагичната смрт на три деца од семејството на Никола Давчевски од Велес, кои што го загубија својот живот во пожар во семејната куќа.

Член 2

На Денот на жалост знамињата во Општина Велес ќе бидат истакнати на половина копје. Сите културни и спортски манифестации закажани на територијата на општината за утре се одлагаат.

Угостителските објекти кои се на територијата на Општина Велес ќе емитуваат сериозна музика.

Член 3

Ова одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 25-3244/1
21.06.2018година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
м-р Душко Петров с.р.

Бр. 182

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр. 12/06, 03/09, 18/10 и 15/14)

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Решениетоза одобрување на средства од Буџетот на Општина Велес

Се објавува Решението за одобрување на средства од Буџетот на Општина Велес, што Советот на Општина Велес го донесе на првата вонредна седница одржана на 21.06.2018 година.

Број 08-3245/2
22.06.2018 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02), согласно член 17 од Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Велес за 2018 година („Сл. гласник на Општина Велес“ бр.24/17),

Советот на Општина Велес на вонредна седница одржана на ден 21.06.2018 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
за одобрување на средства од Буџетот на Општина Велес

1.На Никола Давчевски од Велес, му се одобрува еднократна финансиска помош во висина од 100.000,оо денари, поради пожар во семејна куќа.

2. Како и средства во висина од 13.200,оо денари, за обезбедување на гробно место во гробишта Раштани, кои средства ќе бидат префрлени на ЈКП „Дервен“ Велес.

3.Средствата за оваа намена ќе бидат исплатени од Буџетот на Општина Велес за 2018 година, Програма А - Совет на Општина Велес, Потпрограма АО - Совет на Општина Велес, категорија 41, ставка 413, потставка 413110 - тековни разерви.

4.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес".

Број 25-3244/2
21.06.2018година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
м-р Душко Петров с.р.

Бр. 183

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр. 12/06, 03/09, 18/10 и 15/14)

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Решението за дополнување на Решението за именување на претседател и членови наКомисија за проценка и утврдување на надомест на штета од природни непогоди и други несреќи на подрачјето на Општина Велес

Се објавува Решението за дополнување на Решението за именување на претседател и членовинаКомисијазапроценка и утврдување на надомест на штета од природни непогоди и други несреќи на подрачјето на Општина Велес, што Советот на Општина Велес го донесе на првата вонредна седница одржана на 21.06.2018 година.

Број 08-3245/3
22.06.2018 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 143 од Законот за заштита и спасување („Сл. весник на РМ“ бр. 36/04…….83/18), член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр. 5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл. гласник на Општина Велес“ бр. 12/06, 3/09 ,18/10 и 15/14),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 21.06.2018 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
за дополнување на Решението за именување на претседател и членови на Комисија за проценка и утврдување на надомест на штета од природни непогоди и други несреќи на подрачјето на Општина Велес

1. Со ова Решение се врши дополнување на Решението за именување на претседател и членови на Комисија за проценка и утврдување на надомест на штета од природни непогоди и други несреќи на подрачјето на Општина Велес,донесено од Советот на Општина Велес бр. 25-1338/46 од 14.03.2018 година, со 5 членови.

2. За членови на Комисијата се именуваат:

- Зоран Ивковиќ –дип. агроном
- Миле Ѓуриќ –виш земјоделски техничар
- Стојанов Драган-дип. агроном
- Антонио Трајковски-дип. агроном и
- Душко Ќумбев-дип. менаџер по туризам.

3. Оваа Решение влегува во сила со денот на објавувањето во„Службен гласник на Општина Велес“.

Број 25-3244/3
21.06.2018година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
м-р Душко Петров с.р.

Бр. на акт **Страница**

181	**З А К Л У Ч О К за објавување на Одлуката за прогласување Ден на жалост во Општина Велес**	**489**
	О Д Л У К А за прогласување Ден на жалост во Општина Велес	
182	**З А К Л У Ч О К за објавување на Решениетоза одобрување на средства од Буџетот на Општина Велес**	**489**
	Р Е Ш Е Н И Е за одобрување на средства од Буџетот на Општина Велес	
183	**З А К Л У Ч О К за објавување на Решението за дополнување на Решението за именување на претседател и членови наКомисија за проценка и утврдување на надомест на штета од природни непогоди и други несреќи на подрачјето на Општина Велес**	**490**
	Р Е Ш Е Н И Е за дополнување на Решението за именување на претседател и членови на Комисија за проценка и утврдување на надомест на штета од природни непогоди и други несреќи на подрачјето на Општина Велес	

Издавач Општина Велес, телефон 232-406, 232-966,

Буџет на Општина Велес
Сметка: 100000000063095 Народна банка на РМ
Сметка на буџетски корисник: 711014100963010
Приходна шифра и програма 725939 - 00